| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | **Предметна програма од прв циклус на студии** | | | | |
| 1. | Наслов на наставниот предмет | ВОВЕД ВО ПРАВО НА ЕВРОПСКА УНИЈА | | | | |
| 2. | Код | | | | | |
| 3. | Студиска програма | Правни студии | | | | |
| 4. | Организатор на студиската програма (единица, односно - институт, катедра, оддел) | Правен Факултет „Јустинијан Први" во Скопје,<br>Катедра за Право на Европска Унија | | | | |
| 5. | Степен (прв, втор, трет циклус) | Прв циклус | | | | |
| 6. | Академска година /семестар | Втора година / трет семестар | 3 | Број на ЕКТС-кредити | 7 кредити | |
| 8. | Наставник | д-р Сашо Георгиевски, редовен професор<br>д-р Илина Ценевска, вонреден професор | | | | |
| 9. | Предуслови за запишување на предметот | | | | | |
| 10. | Цели на предметната програма (компетенции):<br><br>Предметната програма има за цел студентите да ги запознае со институционално-правната архитектура на Европската Унија, специфичната природа на правниот поредок на Унијата и принципите на неговото функционирање. На овој начин, студентите ќе бидат подготвени да ги толкуваат правните норми на Европската Унија и нивната применливост во конкретни ситуации. Темелно ќе бидат проучени тематските области кои се однесуваат на примарните и секунардните извори на правото на Унијата, како и основите принципи согласно кои е уреден правниот поредок на Унијата. При изучувањето на задолжителните правни услови кои треба да бидат исполнети за правните акти на Унијата да произведат (директно или индиректно) правно дејство во националните правни поредоци на државите-членки, посебно внимание ќе се посвети на улогата на Судот на правдата на ЕУ во утврдувањето на правното дејство и оценувањето на валидноста на правните акти на Унијата.<br>Со положување на овој предмет, се очекува студентите да бидат целосно запознаени со основните концепти и принципи на функционирањето на правниот поредок на ЕУ, да демонстрираат темелно разбирање на институционално-правната структура на ЕУ согласно измените воведени со Лисабонскиот Договор, како и да умеат да вршат правилно толкување на одредбите од актите кои ги носи Унијата, што пак, од своја страна, претставува основа за идно продлабочено проучување на специјализираните правни дисциплини кои третираат различни димензии од правото на Унијата. | | | | | |
| 11. | Содржина на предметната програма:<br><br>Предметната програма овозможува стекнување на основни знаења од областа на функционирањето на институционално-правниот поредок на Европската Унија како политичко-правен ентитет. Предметната програма опфаќа изучување на основите на процесот на европска интеграција, внатрешната и надворешна концепциска, структурна и институционална поставеност на ЕУ, во историски и денешен, актуелен контекст. Понатаму, се изучуваат институциите на Унијата и процесот на донесување на одлуки во нејзини рамки, законодавните надлежности на Унијата и нивниот взаемен однос со надлежностите на државите-членки по однос на конкретни области на политики, како и природата на правниот поредок на ЕУ и основите принципи на кои тој се темели (принципите на директен ефект и супрематија на правото на ЕУ; принципите на пропорционалност и супсидијарност; принципот на недискриминација, итн.). | | | | | |

<table>
<tr><td></td><td colspan="4">Исто така, предметната програма ќе ги опфати изворите на правото на ЕУ и нивното правно дејство во правниот поредок на Унијата и националните правни поредоци, како и надлежностите кои му припаѓаат на Судот на правдата на ЕУ во уврдувањето на правното дејство на правните акти на Унијата и оценувањето на нивната валидност. Дополнително, во рамките на овој предмет посебен акцент ќе биде ставен и на политиката на проширување на ЕУ и односите меѓу Република Северна Македонија и Унијата, преку запознавање со релевантните правни, политички и економски аспекти кои ги карактеризираат овие односи.</td></tr>
<tr><td>12.</td><td colspan="4">Методи на учење:<br><br>Предметната материја ќе биде предавана преку современи методи за систематско и интегрално изучување на теоретските аспекти од специјализираната област. Материјата ќе биде темелно, критички и споредбено изучувана од страна на студентите во интерактивен однос со професорите. Студентите ќе бидат, од теоретска и од практична гледна точка, активно вклучени во истражувањето на актуелните теми од областа на правото на Европската Унија. Тие своите сознанија ќе ги презентираат индивидуално или групно пред своите колеги, преку неколку различни формати – групни дискусии, симулациски вежби и студија на зададени случаи.</td></tr>
<tr><td>13.</td><td>Вкупен расположив фонд на време</td><td colspan="3">12 недели (60 часа)</td></tr>
<tr><td>14.</td><td>Распределба на расположивото време</td><td colspan="3"></td></tr>
<tr><td rowspan="2">15.</td><td rowspan="2">Форми на наставните активности</td><td>15.1.</td><td>Предавања - теоретска настава</td><td>√</td></tr>
<tr><td>15.2.</td><td>Вежби (лабораториски, аудиториумски), семинари, тимска работа</td><td>√</td></tr>
<tr><td rowspan="3">16.</td><td rowspan="3">Други форми на активности</td><td>16.1.</td><td>Проектни задачи</td><td>/</td></tr>
<tr><td>16.2.</td><td>Самостојни задачи</td><td>/</td></tr>
<tr><td>16.3.</td><td>Домашно учење – задачи</td><td>√</td></tr>
<tr><td rowspan="4">17.</td><td colspan="4">Начин на оценување</td></tr>
<tr><td>17.1.</td><td colspan="2">Тестови</td><td>100 поени</td></tr>
<tr><td>17.2.</td><td colspan="2">Индивидуална работа/проект ( презентација: писмена и усна)</td><td>/</td></tr>
<tr><td>17.3.</td><td colspan="2">Активност и учество</td><td>Активноста на студентите редовно се следи и се зема предвид при утврдување на конечната оценка.</td></tr>
<tr><td rowspan="6">18.</td><td colspan="2" rowspan="6">Критериуми за оценување (бодови/ оценка)</td><td></td><td>5 (пет) (F)</td></tr>
<tr><td></td><td>6 (шест) (E)</td></tr>
<tr><td></td><td>7 (седум) (D)</td></tr>
<tr><td></td><td>8 (осум) (C)</td></tr>
<tr><td></td><td>9 (девет) (B)</td></tr>
<tr><td></td><td>10 (десет) (A)</td></tr>
<tr><td>19.</td><td colspan="2">Услов за потпис и за полагање завршен испит</td><td colspan="2">1. Присуство на настава - 51% од вкупниот број одржани часови настава</td></tr>
</table>

<table>
<tr><td>20.</td><td colspan="3">Јазик на кој се изведува наставата</td><td colspan="3">Македонски јазик</td></tr>
<tr><td>21.</td><td colspan="3">Метод на следење на квалитетот на наставата</td><td colspan="3">Евалуација и самоевалуација</td></tr>
<tr><td rowspan="11">22.</td><td colspan="6">Литература</td></tr>
<tr><td rowspan="4">22.1.</td><td colspan="5">Задолжителна литература</td></tr>
<tr><td>Реден број</td><td>Автор</td><td>Наслов</td><td>Издавач</td><td>Година</td></tr>
<tr><td>1.</td><td>Сашо Георгиевски, Илина Ценевска</td><td>Основи на правото на Европската Унија<br>(стр. 17-236; стр. 399-437)</td><td>Култура, Скопје</td><td>2024</td></tr>
<tr><td></td><td colspan="4">Учебникот „Основи на правото на Европската Унија“ може да се набави во книжарницата „Авогадос“ на Правниот факултет „Јустинијан Први“ и книжарниците на „Култура“ во Скопје</td></tr>
<tr><td rowspan="4">22.2.</td><td colspan="5">Дополнителна литература</td></tr>
<tr><td>Реден број</td><td>Автор</td><td>Наслов</td><td>Издавач</td><td>Година</td></tr>
<tr><td>1.</td><td>Годишни извештаи на Европската Комисија за напредокот на Република С. Македонија</td><td>-</td><td>-</td><td>(тековно)</td></tr>
<tr><td>2.</td><td>Консолидирана верзија на македонски јазик на Договорите на Унијата (ДФЕУ, ДЕУ и Договорот за Евроатом)</td><td>-</td><td>-</td><td></td></tr>
</table>

## ДЕТАЛНА СТРУКТУРА НА ПРЕДМЕТНАТА ПРОГРАМА

| Недела бр. 1 | број на часови: 4 |
|---|---|
| **назив на тематската целина:** Контекст на правото на ЕвропскатаУнија (1) | **задолжителна литература:**<br>- С. Георгиевски, И. Ценевска, *Основи на правото на Европската Унија*, Глава 1; |

| Недела бр. 2 | број на часови: 4 |
|---|---|
| **назив на тематската целина:** Контекст на правото на ЕвропскатаУнија (2) | **задолжителна литература:**<br>- С. Георгиевски, И. Ценевска, *Основи на правото на Европската Унија*, Глава 1; |

| Недела бр. 3 | број на часови: 4 |
|---|---|
| **назив на тематската целина:**<br>Институции на Европската Унија (1) | **задолжителна литература:**<br>- С. Георгиевски, И. Ценевска, *Основи на правото на Европската Унија*, Глава 2; |

| | |
|---|---|
| Недела бр. 4 | број на часови: 4 |
| **назив на тематската целина:**<br>Институции на Европската Унија (2) | **задолжителна литература:**<br>- С. Георгиевски, И. Ценевска, *Основи на правото на Европската Унија*, Глава 2; |
| | |
| Недела бр. 5 | број на часови: 4 |
| **назив на тематската целина:**<br>Извори на правото на Европската Унија | **задолжителна литература:**<br>- С. Георгиевски, И. Ценевска, *Основи на правото на Европската Унија*, Глава 3; |
| | |
| Недела бр. 6 | број на часови: 4 |
| **назив на тематската целина:**<br>- Законодавни овластувања на Европската Унија;<br>- Делегирање на овластувања во рамките на законодавниот процес во ЕУ (1) | **задолжителна литература:**<br>- С. Георгиевски, И. Ценевска, *Основи на правото на Европската Унија*, Глава 4; |
| | |
| Недела бр. 7 | број на часови: 4 |
| **назив на тематската целина:**<br>- Законодавни овластувања на Европската Унија;<br>- Делегирање на овластувања во рамките на законодавниот процес во ЕУ (2) | **задолжителна литература:**<br>- С. Георгиевски, И. Ценевска, *Основи на правото на Европската Унија*, Глава 4; |
| | |
| Недела бр. 8 | број на часови: 4 |
| **назив на тематската целина:**<br>Директно дејство и супрематија на правото на ЕУ во национално-правните поредоци на државите-членки (1) | **задолжителна литература:**<br>- С. Георгиевски, И. Ценевска, *Основи на правото на Европската Унија*, Глава 5; |
| | |
| Недела бр. 9 | број на часови: 4 |
| **назив на тематската целина:**<br>Директно дејство и супрематија на правото на ЕУ во национално-правните поредоци на државите-членки (2) | **задолжителна литература:**<br>- С. Георгиевски, И. Ценевска, *Основи на правото на Европската Унија*, Глава 5; |
| | |
| Недела бр. 10 | број на часови: 4 |
| **назив на тематската целина:**<br>Вовед во политиката на проширување на ЕУ;<br>Политички, економски и правни критериуми за членство во Унијата; | **задолжителна литература:**<br>- С. Георгиевски, И. Ценевска, *Основи на правото на Европската Унија*, Глава 10; |
| | |
| Недела бр. 11 | број на часови: 4 |
| **назив на тематската целина:**<br>Постапка за прием во членство во Европската Унија | **задолжителна литература:**<br>- С. Георгиевски, И. Ценевска, *Основи на правото на Европската Унија*, Глава 10; |
| | |
| Недела бр. 12 | број на часови: 4 |
| **назив на тематската целина:**<br>Односите меѓу Европската Унија и Република Македонија | **задолжителна литература:**<br>- С. Георгиевски, И. Ценевска, *Основи на правото на Европската Унија*, Глава 10; |

| | |
|---|---|
| | - Анализа на годишните Извештаи на Европската Комисија за напредокот на Република Македонија |